Јавно претпријатие за стопанисување
со државните шуми
МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О.
Бр. 02-197/1
24-02-2016 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

*По Годишна сметка за период 01.01.- 31.12.2015 година*

| | |
|---|---|
| **Назив на субјектот:** .................................. | **ЈП."Македонски шуми" п.о.,. Скопје** |
| **Седиште на субјектот:** .............................. | **ул "Перо Наков ",128 , Скопје** |
| **Даночен број :** ......................................... | **4030998338949** |

ЈП "Македонски шуми" е формирано со Одлука на Владата на Република Македонија бр.3028/1 од 15.12.1997 година, како правен следбеник на дотогашните претпријатија за стопанисување со шуми. Во моментот, во составот на јавното претпријатие стопанисуваат 30 подружници, чија основна дејност е стопанисување со шумите во државна сопственост, во што спаѓа одгледување, заштита и користење на шумите.

Вкупниот број на вработени во ЈП "Македонски шуми" за деловната 2015 година изнесува 2.382, во кој, според квалификационата структура, високостручниот кадар (Д-р, М-р, ВСС, ВШС ) учествува со 22,12%, а средностручниот и нискостручниот кадар ( ССС, СОЗ ) со 77.88%.

Цел на овој извештај е да се изврши објективно согледување на материјално-финансиските состојби во 2015 година.

Финансискиот извештај се изготвува врз основа на Меѓународни сметководствени стандарди МСС, Меѓународни сметководствени финансиски извештаи МСФИ и Сметководствените деловни политики.

Во деловната 2015 година ЈП "Македонски шуми" оствари вкупен приход од 1.777.109 денари и вкупен расход од 1.695.668 денари, со што искажа добивка од 81.441 денар, или добивка за финансиската година (по оданочување) од 71.496 денари.

Во 000 ден.

| Елементи | Година | | Индекс |
|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | |
| Приходи | 1.608.394 | 1.777.109 | 1,10 |
| Расходи | 1.739.119 | 1.695.668 | 0,98 |
| Загуба / добивка | -130.724 | 81.441 | |

| Година - 2015 | Планирани | Остварени | % на оств. |
|---|---|---|---|
| Приходи | 2.051.051 | 1.777.109 | **86,64%** |
| Расходи | 1.947.187 | 1.695.668 | **87,08%** |

**Вкупните приходи се состојат од:**

- Приходи од продажба на производи во износ од 1.528.034 денари за 2015 година и 1.341.956 денари за 2014 година;
- Останати приходи за 2015 година во износ од 249.075 денари, за 2014 година во износ од 309.692 денари. Останатите приходи опфаќаат:

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2014 | 2015 |
| Приходи од конфискувана дрвна маса | 17.872 | 34.078 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 197 | 276 |
| Приходи од укинување на долгорочни резервирања | 82.339 | 89.200 |
| Приходи од отписи на обврски | 67.618 | 14.484 |
| Приходи од вишоци | 3.387 | 467 |
| Приходи од минати години | 30.472 | 8.217 |
| Приходи од наплатени шумски штети | 26.178 | 52.147 |
| Приходи од учество во вложувања | - | - |
| Приходи од наплатени кусоци | 336 | 31 |
| Приходи од камати | 892 | 2.566 |
| Приходи од употреба на сопствени производи | 3.385 | 8.470 |
| Останати приходи | 5.118 | 1.793 |

## I. ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2015 ГОДИНА

- **Остварените вкупни приходи во 2015 год. во однос на планските проекции се помали за 13,87%.**

Планираните приходи од продажба на огревно дрво се остварени со 82,50%, од продажба на техничко дрво со 76,79%, а од продажба на отпадок после сеча со 76,32%. Високиот процент на осварени приходи од продажба на огревно дрво и отпадок после сеча се должи на остварена продажба на 450.859,36 м3 огревно дрво и 18.990,50 м3 отпад. Големо влијание на остварувањето на планираните приходи од продажба на дрвни сортименти има и новиот начин на продажба на дрвните сортименти: Договорно со склучување на годишни купопродажни договори и продажба од склад-малопродажба. Јавното претпријатие "Македонски шуми" – Скопје во периодот од 22.12-31.12.2014 година објави Повик за интерес за склучување на купопродажни договори за техничко и огревно дрво за 2015 година во печатените медиуми и на веб страната на јавното претпријатие. На основ на повикот и јавното наддавање реализирана е продажба на дрвни сортименти во 2015 година во вкупна количина од 574.722м3, од кои 104.872м3 техничко дрво и 469.850м3 огревно дрво (450.859м3 огревно дрво и 18.990м3 отпад после сеча). Врз основа на повикот за интерес во текот на 2015 година се склучија Рамковни договори за деловно-техничка и комерцијална соработка за период од 5 години со 10 правни субјекти кои ги исполнуваа условите за купување на техничко дрво. Согласно рамковните договори со истите субјекти се склучија и поединечни годишни купопродажни договори, во кои посебно се регулираа количините на дрвни сортименти за тековната година, квалитетот, цената, динамиката на снабдување, начинот на плаќање и други работи кои се од значење за годишните испораки.

- **Приходите од расадничкото производство се помали од планираните поради:**

Од предвидените шумскоодгледувачки работи со акцијата за пошумување "Ден на дрвото-засади ја својата иднина" се реализира само есенското пошумување, иако беше предвидено и пролетно пошумување. Дополнително, во Годишниот план за 2015г. беше предвидено ЈП да оствари приходи од оваа акција. Меѓутоа, Согласно ИЗВАДОК од Нацрт - записникот од Сто и дванаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.10.2015 година ,,ТОЧКА 9; усвоени се заклучоци каде се укажува на ЈП ,,Македонски шуми,,-Скопје да обезбеди 3.016.000 садници за утврдените 931,03 ха површина за пошумување на целата територија на Република Македонија. Исто така, Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, да обезбеди за потребите на Заедницата на единиците на локалната

самоуправа 67.287 садници и 1.000 декоративни садници за градот Скопје, 3.000 аризонски чемпрес за патиштата, 7.000 леандри за засадување покрај автопатот Смоквица – Гевгелија, 500 садници за сите полициски станици во Република Македонија и 300 дендродекоративни садници на Здружението ,,Ден на дрвото,, за промотивна кампања, така да целокупниот трошок околу спроведувањето на акцијата "Ден на дрвото-засади ја својата иднина" падна на терет на ЈП "Македонски шуми". Исто така во производствениот циклус на шумски садници, а во зависност од климатските фактори, уродот на семе секогаш не се остварува според планираното.

- **Приходите од фарми и лов** се помали од планираните поради тоа што во Годишниот план за 2015г. планирани се и приходи од комерцијален лов од странски ловци, меѓутоа истите не се реализирани.
- **Приходи од други шумски производи** се помали од планираните поради следното:

Во Годишниот план е планирано издавање на дозволи за собирање на други шумски производи на физички лица (собирачки дозволи) и склучување на договори со правни лица за преотстапување на собирањето и откупот на други шумски производи, преку откупни пунктови, со надомест. Притоа, приходите од издадени дозволи за собирање на физички лица се евидентираат во тековната година, додека приходите од правни лица се евидентираат наредната година, по извршена пресметка и фактура на вкупно откупени количини и наплатени износи, согласно важечкиот Ценовник на ЈП.

- **Приходите од маркирање (во приватни шуми):**

Зголемени во однос на планските проекции за 120%, а произлегуваат од реализирање на планираните активности за 2015 година, Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ Бр.160 од 31 октомври 2014 год.) во член 92 и 97 стопанисувањето со приватните шуми го вршат сопствениците, а услугите за извршување на стручните работи од областа на шумарството ги вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Македонски шуми,, и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

- **Приходи од проширена репродукција на шуми:**

Во 2015 година ЈП,,Македонски шуми,, нема приходи од **проширена репродукција на шумите** затоа што согласно Програмата за проширена репродукција на шуми (Сл. Весник на РМ бр. 155/2014г.) не се предвидени извршувања во делот на шумскокултурни работи (пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди и отстранување на последиците од шумски пожари).

- **Приходи од проста репродукција на шуми:**

Во 2015 година ЈП,,Македонски шуми,, има остварено приходи од **проста репродукција на шуми согласно** членот 94 од Законот за шуми, каде е регулиран начинот на издвојување и користење на средствата за проста репродукција на шумите. Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума. Овие средства се строго наменски и се користат за одгледување и заштита на постојните шуми, за изградба на шумски патишта, за техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и изработка на планови за стопанисување со шумите. Врз основа на приложените ситуации за извршени работи по вид на одгледувачка работа ЈП,,Македонски шуми,, има остварено приход од проста репродукција на шуми во износ од 87.576.975,00 денари.

- **Останатите приходи** се значително поголеми од планираните поради фактот што во текот на годината се остварија и приходи кои не беа воопшто планирани, како што се:

➢ Отпис на обврски - 14.237.048,00 ден.,
➢ Приходи од поранешни години - 8.196.891,00 ден.,
➢ Приходи од извршени услуги - превоз – 17.388.148,00 ден.

- **Приходи на Дирекција:**

Во 2015 година се остварени приходи од:

➢ Приходи од наплата на шумски штети - 50.743.550,00 ден.,
➢ Приходи од концесии – 27.675.073,00 ден.,
➢ Остварени приходи Согласно ,,Програмата за финансиска поддршка на Руралниот Развој ,,мерка 122: инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите под мерка репродукција на шумски садници,, и ДОГОВОР за доделување на финансиска подршка Бр. 03-14/381 од 01.12.2015 година во износ од 18.500.000,00 денари.
➢ **Остварени приходи врз основа на** ДОГОВОР Бр 03–14/175 од 23.06.2015 **година за доделување на финасиска поддршка** помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие ,,Македонски шуми,, реализирано е дел од предвидените активноси со засадување на дрвниот вид Trachycarpus fortunei (влакнеста палма) во вредност од 11.420.936,00 денари.

Садниците се дистрибуирани во општините Ресен, Охрид, Струга, Дојран, Гевгелија и Велес.

Прилог: Табела 13 од Извештајот за работењето за 2015 г.

## II. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ - СПОРЕДБА 2015/2014 ГОДИНА

**Отстапувања се јавуваат кај следните позиции:**

а) **Приходите од продажба на огревно и техничко дрво — поголеми** се за 12%, најмногу во делот на огревното **и 3% кај техничкото дрво. Зголемените приходи од продажба на дрвни сортименти произлегуваат** од зголемената **продажба** која во споредба со минатата година е **поголема** во апсолутен износ за 88.232,96 м3. Индексот на остварена продажба на техничко дрво е 1,10, или во апсолутен износ продажбата на техничко дрво е зголемена за 9.494,46 м3, а за огревното дрво е 1,21, или во апсолутен износ продажбата на огревно дрво со отпад после сеча е зголемена за 78.738,50 м3;

б) **Приходи од фарми и лов** - помали се поради намалено производство и приходи од продажба во фармата "Марена", во склоп на подружницата "Бор" од Кавадарци;

в) **Приходи од маркирање во приватни шуми - значително зголемени** Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ Бр.160 од 31 октомври 2014 год. член 92 и 97) **а** произлегуваат од реализирање на планираните активности за 2015 година, како и реализирање на заостанатите обврски според Измените и дополните на Законот за шуми (Сл.Весник на РМ бр.79 од 31 мај 2013 год.) член 12, точка 14, според кој ЈП Македонски шуми не ја извршуваше ознаката за сеча во приватните шуми, која согласно истиот закон ја вршеа правни и физички лица кои поседуваа лиценца за извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост;

г) **Приходи од проширена репродукција на шуми** - во 2015 година ЈП,,Македонски шуми,, **нема** приходи од **проширена репродукција на шуми** согласно Програмата за проширена репродукција на шуми (Сл.Весник на РМ бр. 155/2014г.);

д) **Приходи од проста репродукција** - поголеми се за 7% поради фактот што во 2015 година се зголемени одгледувачките работи по вид на извршена работа и тоа во делот на нега и чистење (од 8,60ха во 2014г. на 23,20ха во 2015г.) и во делот на потсејување (од 56,70ха во 2014г. на 96,23ха во 2015г.).

Прилог: Табела 15 од Извештајот за работењето за 2015 г.

**Вкупните расходи се состојат од :**

- Потрошени материјали, енергија и ситен инвентар за 2015 година во износ од 122.235 денари (7,21% од вкупните трошоци), а за 2014 година во износ од 118.785 денари (6,83% од вкупните трошоци);

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2014 | 2015 |
| Потрошени материјали | 24.580 | 25.176 |
| Потрошени резервни делови | 13.118 | 17.279 |
| Отпис на ситен инвентар | 4.179 | 3.310 |
| Потрошена енергија | 76.918 | 76.469 |

- Трошоци на вработените за 2015 година во износ од 792.598 денари (46,74% од вкупните трошоци), а за 2014 година во износ од 738.534 денари (42,47% од вкупните трошоци);

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2014 | 2015 |
| Бруто - плати | 717.848 | 748.902 |
| Надоместоци на вработени | 25.368 | 43.696 |

- Амортизација за 2015 година во износ од 39.557 денари (2,33% од вкупните трошоци), а за 2014 година во износ од 44.826 денари (2,58% од вкупните трошоци);

- Резервирања на трошоци и ризици за 2015 година во износ од 120.753 денари (7,12% од вкупните трошоци), а за 2014 година во износ од 108.138 денари (6,22% од вкупните трошоци);
- Останати расходи за 2015 година во износ од 620.525 денари (36,59% од вкупните трошоци), а за 2014 година во износ од 672.556 денари (38,67% од вкупните трошоци);

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2014 | 2015 |
| Транспортни услуги | 335.316 | 240.538 |
| Надворешни услуги за изработка на производи | 118.356 | 97.867 |
| Услуги за одржување и заштита | 7.170 | 8.175 |
| Трошоци за закупнини | 3.765 | 13.213 |
| Останати услуги | 88.867 | 40.128 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 8.090 | 16.645 |
| Вредносно усогласување на залихите | 16 | / |
| Дневници за службени патувања | 18 | 152 |
| Трошоци за промоција, пропаганда, реклама, репрезентација и спонзорство | 1.704 | 1.893 |
| Премии за осигурување | 2.092 | 1.157 |
| Даноци кои не зависат од резултатот | 33.734 | 2.061 |
| Банкарски услуги | 1.436 | 1.264 |
| Останати нематеријални трошоци | 19.249 | 2.327 |
| Кусоци | 2.619 | 957 |
| Казни, пенали и надомест на штети | 6.329 | 1.662 |
| Трошоци од минати години | 39.966 | 41.703 |
| Трошоци за камати | 3.829 | 2.983 |

# III. ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО 2015 ГОДИНА

Остварените расходи во 2015 година во споредба со планираните се помали за 12,38% поради тоа што:

а) **Расходите (особено оние што се поврзани, или произлегуваат од процесот на производство)** се во корелација и го следат процентот на остварување на производството и планираните приходи од продажба на дрвни сортименти, како што се:

- потрошени суровини и материјали, енергија и резервни делови,
- услуги (сеча, дотур, утовар-растовар и превоз)
- долгорочни резервирања (проста репродукција),
- проширена репродукција,
- бруто плати.

б) **Амортизација** - зголемувањето произлегува од преземени значајни инвестициони активности во насока на обнова на застарениот возен парк и механизација. Отворањето на шумите со патишта е предуслов за навремено и квалитетно извршување на поставените производни задачи. За таа цел ЈП "Македонски шуми" во изминатите три години набави 9 нови градежни машини, со цел намалување на трошоците, а со самото тоа и намалување на цената на чинење по км за изградба шумски патишта.

в) **Надоместоци на работниците** – зголемувањето од 7,58% произлегува од зголемени трошоци за теренски додаток на вработени на определено време според Колективниот договор. Имено, согласно Известувањето од Министерството за финансии од 22.01.2015 год. ЈП Македонски шуми согласно одредбите од член 51 од Законот за буџетите за вработување на определено време за период од шест месеци имаше вработување на триста дваесет и пет (325) лица на работно место секачи и дотурачи. Исто така со Известување од Министерството за финансии од 03.09.2015 год. е продолжено привременото вработување на 325 лица (секачи и дотурачи) за период до 31.12.2015 год.

г) **Останати трошоци** зголемени поради фактот што во текот на годината се оствариja и расходи кои не беа воопшто планирани, како што се:

- отпис на побарувања - 14.055.167,00 денари,
- расходи од поранешни години - 35.796.504,00 денари и

- значително се зголемени остварените судски трошоци, и тоа за 31.080.189,00 денар (од планирани 4.465.277,00 денари на остварени 33.545.466,00 денари).

д) **Трошоци на дирекција** - зголемувањето се должи најмногу на книжените трошоци за пошумување во кое влегува набавката на садници- влакнеста палма во износ од 15.823.234,00 денари, согласно **Извадокот од Нацрт записникот од Двесте и шестата седница на Владата на Република Македонија одржана на 20.05.2014 годин, каде се усвои ,,ТОЧКА 60: заклучок 9, со кој** "Се задолжува ЈП Македонски шуми за реализација на есенската акција Ден на дрвото во 2014 година да набави палми, високи над 5 метри, за да се насадат во Охрид , Струга, Дојран, Гевгелија и Преспа, а доколку има услови и во Скопје".

,,Согласно задолжениета од страна на Владата на Република Македонија, Македонски шуми во планот за набавки за 2014 година ќе предвиди набавка на палми со распишување на меѓународен тендер (член 54 став 2 од Законот за јавни набавки –Сл.Весник на РМ бр.43/14) за 1.100 палми (контејнер) од видот Trachycarpus fortunei (влакнеста палма).

**Согласно Извадокот од Нацрт записникот од Дваесет и првата седница на Владата на Република Македонија одржана на 13.09.2014 година се усвои ,,ТОЧКА 9:, заклучок 1, со кој** ,,Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да направи дополнителна пренамена на средствата за набавка на 1.100 палми во понатамошен текст измени во Програма за финансиска подршка на руралниот развој,,. Македонски шуми постапи согласно задолжението од страна на Владата на Република Македонија, набавени се 1.000 броја од дрвниот вид *Trachycarpus fortunei (влакнеста палма)* по спроведена постапка за набавка согласно Законот за јавни набавки. Врз основа на **ДОГОВОР Бр 03 – 14/175 од 23.06.2015 година за доделување на финансиска поддршка** помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие,,Македонски шуми,, реализирано е дел од предвидените активноси со засадување на дрвниот вид *Trachycarpus fortunei* (влакнеста палма).

Зголемување во однос на планските проекции се забележува и кај трошоци за судски постапки и ставката камати од добавувачи.

Прилог: Табела 14 од Извештајот за работењето за 2015 год.

## IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ - СПОРЕДБА 2015/2014ГОДИНА

**Отстапувања се јавуваат кај следните позиции:**

- **Потрошени суровини и материјали** - овие трошоци се зголемени за 3%, како резултат на вработувањата на одредено време, и тоа во делот на помошни материјали и трошоците за заштита при работа.

- **Потрошена енергија** — овие трошоци се зголемени за 5%, како резултат на зголемените трошоци за нафта за булдожери, дигалки, зглобни трактори, трошоци за нафта и бензин за теренски возила, трошоци за уље и мазиво за камиони и други товарни возила, булдожери, дигалки, моторни пили, а како резултат на зголеменото производство во фазите сеча за 19%, дотур за 7% и превозот со остварената продажба од шумски склад за 19%. Оваа година во споредба со минатата имаме продажба на дрвни сортименти и на шумски склад, а според важечкиот Ценовник на цени на главни шумски производи бр.02-1170/2 од 05.12.2014 год.

- **Потрошени резервни делови - овие трошоци се зголемени за 26% и** најголем дел од нив припаѓа на трошоци за резервни делови за камиони, булдожери и трактори, кои се неопходни во процесот на производство, но како резултат на тоа имаме зголемено производство.

- **Услуги за одржување и заштита** — зголемени за 20% како резултат на зголемените трошоци за резервни делови е зголемен и трошокот за одржување на булдожери, камиони, трактори и теренски возила.

-**Долгорочни резервирања** — проста репродукција(А2) и проширена репродукција — зголемени за 11 и 16% како резултат на зголемено производство во фаза сеча за 19% во споредба со претходната година, а согласно член 94 и член 95 од Законот за шуми, каде е регулиран начинот на издвојување и користење на средствата за проста и проширена репродукција на шумите.

-**Надоместоци на работници** — зголемени за 49% како резултат на вработувањата на одредено време. Според Колективниот договор ЈПМакедонски шуми според добиената согласност од Министерството за финансии имаше вработување на определено време на 325 лица (секачи и дотурачи).

-**Бруто плати** — зголемени за 5% поради различно утврдениот коефициент за пресметка на плата кој е променлив и варира, како и фактот што во 2015 година имаше вработување работници на одредено време во фазите сеча и дотур (кои почнаа со работа од месец 04-2015година, а заклучно со крајот на годината).

-**Останати трошоци** – зголемени за 32%, во рамките на овие расходи најмногу се зголемени отпис на побарувања, дополнително утврдени расходи од поранешни години, судски трошоци, камати и други нематеријални трошоци.

-**Трошоци на Дирекција-** зголемени за 16%, зголемувањето се должи најмногу на книжените трошоци за пошумување во кое влегува набавката на садници-влакнеста палма во износ од 15.823.234,00 денари, согласно **Извадокот од Нацрт записникот од Двесте и шестата седница на Владата на РМ.**

Прилог: Табела 16 од Извештајот за работењето за 2015 год.

**Податоци за висината на месечните надоместоци на членовите на управување, раководење и надзор:**

Управен одбор

- Претседател .............................. 6.300,00
- Заменик претседател ................. 5.600,00
- Член ........................................... 4.900,00

Надзорен одбор

- Претседател .............................. 6.300,00
- Заменик претседател ................. 5.600,00
- Член ........................................... 4.900,00

Вкупната актива/пасива за деловната 2015 година изнесува 60.050.023 денари, а за деловната 2014 година изнесува 59.978.145 денари;

Капиталот заедно со резервите на 31.12.2015 година изнесува 58.968.706 денари, а на 31.12.2014 година изнесува 58.897.210 денари, и ги опфаќа следните позиции:

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2014 | 2015 |
| Основен капитал | 5.940.384 | 5.940.684 |
| Резерви | 54.054.946 | 53.924.221 |
| Загуби | -1.098.120 | -895.899 |

Со цел утврдување на вредноста на вложувањата од страна на основачот Влада на Р.Македонија, извршена е капитализација, од која произлегува промена во структурата на капиталот.

**Краткорочните обврски со 31.12.2015 / 31.12.2014 година се искажани во табелата:**

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2014 | 2015 |
| Обврски спрема добавувачи | 276.447 | 186.514 |

**Останати краткорочни обврски :**

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2014 | 2015 |
| Нето- плати | 35.524 | 45.549 |
| Даноци од плати | 2.571 | 3.104 |
| Придонеси од плати | 16.694 | 19.223 |
| ДДВ | 201.863 | 178.428 |
| Обврски по Закон за шуми | 143.997 | 179.250 |
| Персонален данок и други даноци | 5.121 | 7.124 |
| Придонеси | - | - |
| Данок од добивка | - | 9.950 |
| Обврски за неисплатени надоместоци спрема вработени | 14.849 | 22.185 |

Долгорочни обврски за 2015 година во износ од 25.537 денари, а за 2014 година во износ од 36.146 денари.

**Краткорочните побарувања заклучно со 31.12.2015 година изнесуваат:**

- Побарувања од купувачи – 413.577 денари (2015 год.);
- Побарувања од купувачи – 430.486 денари (2014 год.);
- Останати краткорочни побарувања:

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2014 | 2015 |
| Побарувања на надомест на штети и останато | 151 | 142 |
| Побарувања од вработени за кусоци | 43.407 | 33.723 |
| Побарувања од вработени по останати основи | 6.911 | 6.998 |
| Побарувања од вработени за гориво | - | - |
| Побарувања од државата | 144.336 | 140.707 |

## Насоки за работењето во 2016 година

Раководството на ЈП "Македонски шуми" во 2016 година ќе ги превземе следните мерки и активности заради подобрување на севкупното работење на Јавното претпријатие:

- Спроведување на Програмата за работа на ЈП "Македонски шуми" за 2016 година;
- За реализација на планските задачи за изградба, реконструкција и прочистување на патишта со сопствена механизација ЈП и во 2016г. ќе продолжи со трендот на набавка на сопствени основни средства и механизација, што ќе придонесе за подобра отвореност на шумите и намалување на трошоците, односно намалување на цената на чинење по единица км;
- Во 2016 година ЈП "Македонски шуми" процентот на реализација на годишниот сечив етат ќе го зголеми со ангажирање на дополнителен број сопствени работници (на одредено време) во фазите сеча и дотур;
- Огревното дрво за физички лица од државна нискостеблеста шума ќе се жигосува со различен жиг, со што истото нема да може да се препродава, затоа што ќе се разликува од нашите производи;
- Зголемување и подобрување на квалитетот на производите преку примената на светските стандарди и искуства;
- Зголемуваwе на работната и технолошката дисциплина;
- Намалување на општите и трошоците на производство и зголемување на економичноста;

- **Во извршувањето на услуги од страна на надворешни извршители ќе се ангажираат фирми кои се обврзани да поседуваат лиценци за шумско - културни работи за активностите сеча и дотур;**
- **Имплементација на електронски систем за следење на движење на дрвна маса од: ознака за сеча, фаза сеча, фаза дотур, фаза превоз од шума до склад на ЈП "Македонски шуми", од склад на ЈП "Македонски шуми" до склад на правни лица регистрирани за промет на дрва и дрвни сортименти и од склад на ЈП "Македонски шуми" и правните лица регистрирани за промет на дрва до крајниот купувач;**
- **Спроведување на новиот ценовник за продажба на дрвни сортименти;**
- **Нови методи на продажба и начини на плаќање;**
- **Продажба на техничко дрво на правни субјекти со склучување на рамковен договор и продажба на техничко дрво на правни субјекти со годишен договор под услови согласно Правилникот за продажба на дрвни сортименти;**
- **Продажба на огревно дрво на правни субјекти (здруженија, синдикати и субјекти кои огревното дрво го користат во процесот на производство и за затоплување)** Сите заинтересирани правни субјекти (здруженија, синдикати и субјекти кои огревното дрво го користат во процесот на производство и за затоплување) кои имаат намера да склучат договори за купопродажба на огревно дрво за 2016 година, својот интерес да го достават во вид на барање (апликација) **најдоцна до 15.02.2016 година во подружниците на ЈП;**
- **Продажба на огревно дрво на правни субјекти кои се регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти. Сите заинересирани правни субјекти кои се регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти и имаат намера да склучат договори за купопродажба на огревно дрво за 2016 год. својот интерес да го достават во вид на барање најдоцна до 31.03.2016 год. во дирекцијата на ЈП;**
- **Продажба на огревно дрво на физички лица (пензионери и инвалиди), како и физички лица од социјално ранливи категории (социјални случаи, лица со попреченост во развојот, деца без родители, самохрани родители, стечајни работници, семејства на бранители, членови на семејства на вработени кои загинале при работа). Сите заинересирани социјално ранливи категории кои имаат намера да склучат договори за купопродажба на огревно дрво за 2016 год. својот интерес да го достават во вид на барање најдоцна до 15.03.2016 год. во подружниците на ЈП;**

- ЈП "Македонски шуми" да превзема активности за заштита на шумите;
  преку систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања;
- Вршење анализа на работењето на Подружниците на Јавното претпријатие и превземање на соодветни мерки за нивното работење;
- Наградување и стимулирање на Подружниците во Јавното претпријатие кои даваат исклучителен придонес од работењето;
- Наплата на средствата по основ на акцијата "Ден на дрвото -засади ја својата иднина";
- Во 2016 ќе продолжи имплементацијата на светските стандарди за производство според ИСО 9001: 2008;

  Во 2016 ќе продолжи воведувањето и примената на ИТ- стратегија, а одредбите од истата ќе се реализараат во период од 3 години;
- Борба против криминогените појави и злоупотребата на службените должности;
- Зголемување на финансовата дисциплина, согласно законските прописи и актите на ЈП "Македонски шуми";
- Доследно спроведување на законската регулатива во сите области на работењето на ЈП "Македонски шуми";
- Зголемување на соработката со државните институции;
- Примена на нови научни и практични сознанија во технолошките процеси на производството;

Доколку раководството успее да ги постигне и оствари поставените цели, успесите и резултатите од работењето би биле поголеми.

Скопје,
15.03.2016 г.

ЈП "Македонски шуми" - Скопје
Директор
Жарко Карацоски

МАКЕДОНСКИ ШУМИ · Скопје

### 1.2.1. Планирани и остварени приходи по видови приходи во 2015 г.

Табела 13

| Видови приходи | ИЗНОС Планирано | ИЗНОС Остварено | % на оствар. |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2x100 |
| * Приходи од продажба на огревно дрво | 1.294.919.508 | 1.068.258.162 | 82,50% |
| * Приходи од продажба на техничко дрво | 401.364.650 | 308.198.771 | 76,79% |
| * Приходи од продажба на отпадок после сеча | 28.121.100 | 21.463.328 | 76,32% |
| * Приходи од расадничко производство | 78.589.050 | 15.091.157 | 19,20% |
| * Приходи од "Ден на дрвото" | 17.987.580 | 0 | 0,00% |
| * Приходи од фарми и лов | 9.297.480 | 3.009.005 | 32,36% |
| * Приходи од други шумски производи | 5.739.776 | 1.198.837 | 20,89% |
| * Приходи од маркирање | 33.322.456 | 73.359.533 | 220,15% |
| * Приходи од проширена репродукција | 34.972.000 | 0 | 0,00% |
| * Приходи од проста репродукција | 100.862.206 | 87.576.975 | 86,83% |
| * Останати приходи [1] | 58.208.915 | 87.202.958 | 149,81% |
| * Останати приходи на Дирекција | | 111.750.428 | 0,00% |
| ВКУПНИ ПРИХОДИ : | 2.063.384.721 | 1.777.109.154 | 86,13% |

### 1.2.2. Планирани и остварени расходи по видови расходи во 2015 г.

Табела 14

| Видови расходи | ИЗНОС Планирано | ИЗНОС Остварено | % на оствар. |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2x100 |
| * Потрошени суровини и материјали, енергија и резервни делови | 174.275.695 | 111.351.385 | 63,89% |
| * У с л у г и | 619.900.904 | 394.137.108 | 63,58% |
| - С Е Ч А | 148.050.370 | 97.722.462 | 66,01% |
| - Д О Т У Р | 183.836.390 | 118.712.603 | 64,58% |
| - УТОВАР - РАСТОВАР | 34.936.800 | 1.811.617 | 5,19% |
| - П Р Е В О З | 156.733.762 | 120.431.574 | 76,84% |
| - Услуги за одржување и заштита и др.услуги | 96.343.582 | 55.458.852 | 57,56% |
| * Долгорочни резервирања - А2 | 155.756.430 | 120.557.950 | 77,40% |
| * А м о р т и з а ц и ј а | 24.786.213 | 33.368.715 | 134,63% |
| * Надоместоци на работниците | 31.658.775 | 34.059.517 | 107,58% |
| * Проширена репродукција | 46.152.504 | 37.471.316 | 81,19% |
| * Бруто плати | 741.489.228 | 702.003.818 | 94,67% |
| * Останати трошоци 2) | 31.228.443 | 94.985.407 | 304,16% |
| * Промена на вредноста на залихите | | 43.275.846 | 0,00% |
| Трошоци на Дирекција | 110.000.000 | 124.456.838 | 113,14% |
| ВКУПНИ РАСХОДИ : | 1.935.248.192 | 1.695.667.900 | 87,62% |

[1] **Во останати приходи влегуваат :** Приходи од продажба на трговска стока, приходи од извршени услуги - превоз, приходи од продажба на материјали и резервни делови, приходи од поранешни години, приходи од даноци и субвенции, приходи од отпис на обврски, приходи од наплатени шумски штети, несомнати деловни приходи, приходи од изработка на ППСШ и ПЛО и други приходи.
Износите на наведените останати приходи се прикажани во Табела 27а, страна 75.

[2] **Во останати трошоци влегуваат :** Отпис на ситен инвентар, дневници за службени патувања, трошоци за репрезентација, трошоци за договори за дело, надоместоци за стручно образование, трошоци за списанија, судски трошоци, набавна вредност на продадени стоки и материјали, отпишани побарувања, дополнително утврдени трошоци од минати години, камати и други нематеријални трошоци.

### 1.2.3. Споредбени податоци на остварени приходи по видови 2015/2014

Табела 15

| Видови приходи | ИЗНОС 2014 | ИЗНОС 2015 | Индекс |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 |
| * Приходи од продажба на огревно дрво | 953.041.355 | 1.068.258.162 | **1,12** |
| * Приходи од продажба на техничко дрво | 300.465.122 | 308.198.771 | **1,03** |
| * Приходи од продажба на отпадок после сеча | 21.673.655 | 21.463.328 | **0,99** |
| * Приходи од расадничко производство | 16.948.467 | 15.091.157 | **0,89** |
| * Приходи од "Ден на дрвото" | 0 | 0 | **0,00** |
| * Приходи од фарми и лов | 5.583.138 | 3.009.005 | **0,54** |
| * Приходи од други шумски производи | 3.278.300 | 1.198.837 | **0,37** |
| * Приходи од маркирање | 2.749.567 | 73.359.533 | **26,68** |
| * Приходи од проширена репродукција | 3.900.000 | 0 | **0,00** |
| * Приходи од проста репродукција | 82.148.896 | 87.576.975 | **1,07** |
| * Останати приходи [1)] | 190.990.807 | 87.202.958 | **0,46** |
| * Останати приходи на Дирекција | 27.615.240 | 111.750.428 | **4,05** |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **1.608.394.547** | **1.777.109.154** | **1,10** |

### 1.2.4 Споредбени податоци на остварени расходи по видови 2015/2014

Табела 16

| Видови расходи | ИЗНОС 2014 | ИЗНОС 2015 | Индекс |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 |
| * Потрошени суровини и материјали | 22.302.965 | 23.076.315 | **1,03** |
| * Потрошена енергија | 69.822.862 | 73.327.216 | **1,05** |
| * Потрошени резервни делови | 11.844.974 | 14.947.854 | **1,26** |
| * С е ч а | 118.287.686 | 97.722.462 | **0,83** |
| * Д о т у р | 135.109.928 | 118.712.603 | **0,88** |
| * Утовар - растовар | 7.417.932 | 1.811.617 | **0,24** |
| * Превоз | 199.375.433 | 120.431.574 | **0,60** |
| * Трошоци за ПТТ-услуги | 862.894 | 821.120 | **0,95** |
| * Услуги за одржување и заштита | 6.002.622 | 7.218.557 | **1,20** |
| * Трошоци за пошумување и маркирање | 12.399.883 | 7.673.930 | **0,62** |
| * Останати услуги | 13.426.382 | 12.632.567 | **0,94** |
| * Долгорочни резервирања (А-2) | 108.137.924 | 120.557.950 | **1,11** |
| * Амортизација | 38.399.518 | 33.368.715 | **0,87** |
| * Вредносно усогласување и директен отпис на побарувања | 16.207.004 | 14.055.167 | **0,87** |
| * Дневници за службени патувања | 125.593 | 88.662 | **0,71** |
| * Надоместоци на работниците | 22.783.552 | 34.059.517 | **1,49** |
| * Трошоци за репрезентација, реклами и спонзорства | 1.321.705 | 938.306 | **0,71** |
| * Проширена репродукција | 32.297.472 | 37.471.316 | **1,16** |
| * Бруто плати | 667.614.150 | 702.003.818 | **1,05** |
| * Останати трошоци [2)] | 81.319.330 | 107.015.950 | **1,32** |
| * Промена на вредноста на залихите | 67.044.395 | 43.275.846 | **0,65** |
| * Трошоци на Дирекција | 107.014.805 | 124.456.838 | **1,16** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ :** | **1.739.119.009** | **1.695.667.900** | **0,98** |

[1)] **Во останати приходи влегуваат :** Приходи од продажба на трговска стока, приходи од извршени услуги - превоз, приходи од продажба на материјали и резервни делови, приходи од поранешни години, приходи од даноци и субвенции, приходи од отпис на обврски, приходи од наплатени шумски штети, неспомнати деловни приходи и други приходи.
Износите на наведените останати приходи се прикажани во Табела 27а, страна 75.

[2)] **Во останати трошоци влегуваат :** Отпис на ситен инвентар, трошоци за договори за дело, надоместоци за стручно образование и списанија, судски трошоци, набавна вредност на продадени стоки и материјали, дополнително утврдени трошоци од минати години, камати и други нематеријални трошоци.